ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕВЧАНИ
Бр. 04-616/2
17.07 2025
ВЕВЧАНИ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,05/16,142/16 и 11/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 ,14/20,215/21 , 99/22 и 208/24 ) ,Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 298/2025 од Агенцијата за администрација бр. 10-929/9 од 11.07.2025 година и член 30 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани , ВД Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.298/2025 за вработување на административен службеник

1.За извршител на работното место **Советник за правни работи** ,Одделение за човечки ресурси и архивско работење, Сектор за правно-административни стручни и општи работи во ЈЗУ Здравствен дом Вевчани со шифра на работното место **ЗДР0102В01003** се избира кандидатот

**-Елизабета Јанкоска со идентификационен код 234DFBB**

2.Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место ,по конечноста на оваа одлука, за што ќе биде донесено посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани на ден 21.05.2025 година Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 298/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници „Вечер “ ,“ Слободен печат“ и „Коха“, за вработување на административен службеник на работно место Советник за правни работи ,Одделение за човечки ресурси и архивско работење, Сектор за правно-административни стручни и општи работи во ЈЗУ Здравствен дом Вевчани со шифра на работното место ЗДР0102В01003.

Комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација , во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна селекција за административен службеник, на ден 09.06.2025 година , Испит за административен службеник , на ден 07.07.2025 година, Проверка на веродостојност на докази Интервју за административен службеник на ден 11.07.2025 година година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,05/16,142/16 и 11/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 ,14/20., 215/21 , 99/22 и 208/24 ) и

врз основа на конечната Ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат по огласот бр.298/2025 на Агенцијата за администрација бр 10-929/9 од 11.07.2025 година , ВД Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопредлено време.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВЕВЧАНИ

ВД ДИРЕКТОР,

Рената Пешиноска

Доставено до:

-именуваниот

-Агенција за администрација

-Оддел. за управување со човечки ресури

-Архива